**Република Северна Македонија**
**Влада на Република Северна Македонија**
**Центар за Управување со кризи**

Дел. Бр. 14-10/245
03.09.2019 година

Центар за управување со кризи

Димче Мирчев бр.9
П.ФАХ 372 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3249 101
Факс. (02) 3249 213
Сајт: www.cuk.gov.mk

**Предмет: ИНФОРМАЦИЈА за состојбите и настаните во Република Северна Македонија за перидот од 08:30 ч. на ден 02.09.2019 г. до 08:30 часот на ден 03.09.2019 г.**

**Информацијата е изработена според добиените писмени информации од Регионалните центри за управување со кризи, како и информациите од други субјекти кои учествуваат во системот за управување со кризи, во кои се наведуваат состојбите во областите за кои се надлежни.**

**За наведениот период ЦУК ги презентира следните обработени и селектирани информации:**

## 1. ЕЛЕМЕНТАРНИ И ДРУГИ НЕПОГОДИ

### *1.1. Активни пожари*

**РЦУК – Битола,** известува дека пожарот селата: Брник, Рапеш, Маково, Долно Орехово, Грумази, Паралово и Ивени, општина Новаци е сеуште активен. Изгорено е површина од 420-450 хектари од кои 8 до 10 хектари се борови насади, а остатокот е трева, ниско стеблеста деградирана дабова шума, грмушки и пасишта. На гасење на пожарот интервенирале 12 лица од ЈП НШ- Кајмакчалан Битола и екипа на ТППЕ-Битола од 4 пожарникари и 1 ПП возило. На поголемиот дел од површината која била зафатена со пожарот е локализиран и истиот само на одредени места е **активен** на површина од 7-10 хектари кај **м.в. Препал** пред **с.Маково**. За ситуацијата на терен известени се ДЗС, Битола ТППЕ-БИТОЛА и ЈП-Кајмакчалан-Битола.

Пожарот кој започна на ден **01.09.2019** година на потегот на **с. Подвис** спрема **с. Годивле, општина Крушево** каде гори ниска дабова шума, сува трева и стрниште е сеуште активен. Зафатена е површина од околу 100 хектари. Во текот на денот во негово гаснење интервенирале 2 работници од ШС Липа од Крушево со 1 ПП возило, 5 пожарникари со 2 ПП возило од ТППЕ Кривогаштани и 3 пожарникари со 1 ПП возило од ТППЕ Крушево. Со гаснењето ќе се продолжи во текот на денешниот ден.

**РЦУК – Струмица,** известува дека во општина Радовиш, пожарот на планината **Готен,** кај селата Покрајчево и Злеово, општина Радовиш е **ставен под контрола.** Во гасење на пожарот интервенирале 12 пожарникари од ТППЕ Радовиш и 13 вработени од ШС Плачковица кои вршат контрола на теренот.

Пожарот над **с.Кушкулија, опшина Василево** ставен под контрола. На терен се вработени од ШС кои вршат контрола на теренот.

**РЦУК – Велес,** известува дека околу 11:20 часот појавен е пожар во атар на **с.Павлешенци**, општина Свети Николе. Со пожарот е зафатени дабова шума, сува трева и нискостеблеста шума. Во гаснењето на пожарот на ден 02.09.2019 година интервенирале 7 пожарникари со 2 ПП возила и 12 лица од ШС Свети Николе. Пожарот е проширен и на територија на општина Куманово. Пожарот е сеуште активен. Со гаснењето ќе се продолжи во текот на денешниот ден.

**РЦУК – Куманово,** известува дека пожарот кој беше **активен** пред неколку дена во **с. Павлешенци** од страна на општина **Свети Николе** се има проширено и во дел на општина Куманово во атарот на **с. Павлешенце, с.Градиште и Габреш**. Опожарена е поголема површина на сува трева ниско стеблеста деградирана и дабова шума. Во гаснењето на пожарот во текот на денот интервенирале 7 пожарникари со 2 ПП возила, 7 лица со 1 теренско возило од ШС Куманово, ДЗС Куманово со 1 теренско возило. Поради лошата конфигурација на теренот делувањето во гасење на пожарот е отежнато, а пожарот е сеуште активен. Поради лоша видливост во вечерните часови, екипите се повлечени од терен, а со гаснењето ќе се продолжи во текот на денешниот ден. Поради големината на пожарот испратено е барање до ОЦ на ГШ за ангажирање на хеликоптер за гаснење на истиот.

***1.2. Останати пожари***

**РЦУК – Скопје,** известува дека во период од 15:20 до 19:45 часот започнат е пожар на поголема површина на сува трева и шума во атар на **с.Шешево**. Во гаснењето на пожарот интервенираат 12 пожарникари со 4 ПП возила.**(опш.Сарај);** Во период од 02:55 до 04:00 часот, гаснеле три запалени автомобили на **ул.Ѓорѓи Димитров бб**. Во гаснењето на пожарот интервенирале 4 пожарникари со 1 ПП возило. (опш.Кисела Вода)

**РЦУК – Скопје,** известува дека **БППЗ на Град Скопје** во изминатото денонокие имале две помали интервенции на запалена сува трева на површина од 5 декари во околината на градот.

**РЦУК – Струмица,** известува дека **ТППЕ Валандово** во период од 14:00 до 16:00 часот интервенирале на запалена сува трева, капини, брестово drва и трактор покрај **Калковска река близу с.Јосифово**. Во гасењето на пожарот интервенирале 2 пожарникари и 1 ПП возило од ТППЕ Валандово и 2 вработени од ШС Валандово.

**РЦУК – Битола,** ја пренесува информацијата од **ТППЕ Прилеп** во која се наведува дека во период од 06:48 до 09:48 часот, интервенирале на нискостеблеста шума и сува трева покрај патот во **с.Големо Радобил.** Во гаснењето на пожарот интервенирале 4

пожарникари со 1 ПП возило. ТППЕ Прилеп имале уште една интервенција на сува трева во градот Прилеп.

**РЦУК – Охрид**, ја пренесува информацијата од **ТППЕ Охрид** во која се наведува дека на ден 01.09.2019 година во период од 18:00 до 21:45 часот, интервенирале на запалено стрниште во **с.Волино**. Во гаснењето на пожарот интервенирале 6 пожарникари со 2 ПП возила. На ден 02.09.2019 година во период од 12:05 до 13:05 часот, со 5 пожарникари и 2 ПП возила интервенирала на запалена машина во хала на леарница во Охрид. Во период од 14:00 до 14:35 часот, со 4 пожарникари и 1 ПП возило интервенирале на запален објект на **ул.Никола Карев**.

**РЦУК – Велес,** известува дека пожарот во атарот на **с. Ораовец** каде беа опожарени над 200 хектари сува трева, трња, нискостеблеста дабова шума и смрека, околу 20:00 часот на ден 02.09.2019 година е **изгаснат.** Во текот на денот во негово гаснење интервенирале 13 пожарникари, 6 лица од ДЗС и месното население.

Пожарот кој се појави во близина на **с.Бусинци** е изгаснат околу 18:30 часот. Била зафатена сува трева и трње на површина од 0,5 хектари, а во негово гаснење интервенирале 2 пожарникари со 1 ПП возило и 5 лица од ЕЛС Чашка.

**РЦУК – Штип,** ја пренесува информацијата од **ТППЕ Штип** во која се наведува дека од 15:30 часот на ден 01.09.2019 година до 11:15 часот на ден 02.09.2019 година интервенирале на пожар во атар на **селата: Горно Трогерци, Горни Балван и Пишица.** Во гаснењето на пожарот интервенирале 15 пожарникари со 5 ПП возила и 4 лица од ЕЛС Карбинци. ТППЕ Штип во период од 10:00 до 10:30 часот со 3 пожарникари и 1 ПП возило интервенирале на запалена куќа на **ул.Радански Пат**.

**РЦУК – Куманово,** ја пренесува информацијата од **ТППЕ Куманово** во која се наведува дека во изминатото деноноќие имале два помали интервенции на запалена сува трева во градот и околината.

**ТППЕ Крива Паланка** имала една помала интервенција на запалена сува трева во околината на Крива Паланка.

**РЦУК – Тетово**, ја пренесува информацијата од **ТППЕ Гостивар** во која се наведува дека во период од 22:30 часот на ден 02.09.2019 година до 04:00 часот на ден 03.09.2019 година, интервенирале на пожар на фабрика во **с.Долна Бањица**. Во гаснењето на пожарот интервенирале 25 пожарникари со 9 ПП возила од кои 4 од ТППЕ Гостивар, 2 од ТППЕ Тетово и 3 од БППЗ на Град

Скопје. Пожарот е изгаснат, а материјалната штета дополнително ќе биде утврдена.

## 2. ТЕХНИЧКО – ТЕХНОЛОШКИ КАТАСТРОФИ

### *2.1. Радиолошка, хемиска или биолошка контаминација и загадување на воздухот, водотеците и човековата околина*

Од **Министерството за животна средина** добиено е известување во кое се наведува дека за ден **30 и 31.08.и 01.09.2019 година,** сите мерни параметри на Автоматските мониторинг станици за квалитет на амбиентниот воздух се во рамките на граничните вредности.

## 3. НАРУШУВАЊЕ НА РЕДОВНИТЕ СОСТОЈБИ ВО КОМУНАЛНАТА СФЕРА, СООБРАЌАЈОТ И ПРИ ПРОБЛЕМИ ВО СНАБДУВАЊЕТО СО ЖИВОТНИ НАМИРНИЦИ И МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА

### *3.1. Водоснабдување*

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **ЈП Водовод и канализација** во која се наведува дека поради уличен дефект од ф – 125 мм на ул. Миладин Поповиќ бр.9, во периодот од 08:15 до 13:50 часот, без вода останале корисниците од **ул. Миладин Поповиќ**.(опш.Карпош); Поради уличен дефект на водоводна цевка од ф – 80 мм на ул. Козара бр.20 во населба Водно, во периодот од 14:10 до 18:00 часот, без вода останале дел од корисниците од **ул. Козара**.(опш.Центар)

**На ден 03.09.2019 година ( вторник ), поради дефект на шибер од ф – 80 мм на ул. Мито Хаџи Василев Јасмин ( позади ЈАТ ) во населба Центар, во периодот од 09.00 часот па се до отстранување на дефектот, без вода ќе останат дел од корисниците од ул. Мито Хаџи Василев Јасмин како и дел од корисниците од бул. Партизански Одреди.**

**РЦУК – Битола,** ја пренесува информацијата од **ЈП Водовод** и **канализација** во која се наведува дека заради санација на дефекти ќе има денес во период од 08.00 до 14.00 часот на **улиците: Борка Јорданоски, Митко Цветаноски, Дебарца и реон Кошарка (Бунари).**

Од жители од с.Рилево, општина Долнени известуваат дека веќе подолго време немаат вода од селскиот водовод. Причина за тоа е дека немале добиено вентили за приклучок на главниот водовод. Испратено е барање до ЕЛС Долнени за надминување на проблемот и истите се задолжиле два пати неделно со цистерни да доставуваат вода до селото.

**РЦУК – Велес**, ја пренесува информацијата од **ЈКП Дервен** од Велес во која се наведува дека поради замена на вентил во период од 12:00 до 13:00 часот, без вода останале корисниците од **ул. Родна Увева и ул. Ганчо Хаџи Панзов.**

**РЦУК – Куманово,** ја пренесува информацијата од **ЈКП Чист Ден од Ранковце** во која се наведува дека поради сушните периоди, а воедно и зголемената потрошувачка на вода во неколку села се врши рестрикција на вода поради недостик на истата. Недостигот на вода се јавува поради намалената издашност на планинаските изводи и бунарите за снабрување со вода и зголемената потрошувачка од страна на граѓаните. Села во кои се врши рестрикција се: Радибуш, Отошница, Петралица и Псача. Граѓаните бараат надлежните институции да им излезат во пресрет со возило и садови за вода за да може да врши дотур на вода за пиење и употреба во домаќинствата во погоре наведените села.

***3.2. Електроснабдување***

**ЕВН Македонија известува дека поради планирани зафати на електро дистрибутивната мрежа на ден 04.09.2019 година без електрична енергија ќе останат:**

- **од 09.30 до 15.30 часот, корисниците од дел од улица Бистра Планина (опш.Прилеп)**
- **од 10.00 до 16.30 часот, корисниците од дел од с.Љубаништа над пат кон стара караула (опш.Охрид)**
- **од 09.00 до 12.00 часот, корисниците од с.Одри, дел од с.Доброште кон с.Одри и с.Првце (опш.Тетово)**
- **од 10.00 до 12.30 часот, корисниците од ул. Јоаким Осоговски. (опш.Крива Паланка)**
- **од 09.00 до 10.15 часот, корисниците од дел од нас.Млаки (опш.Гостивар)**
- **од 10.00 до 14.30 часот, корисниците од улиците: Гоце Делчев, Ванчо Китанов, објектите на плоштадот, во центарот на Пехчево (опш.Пехчево)**
- **од 09.00 до 12.00 часот, корисниците од с.Волково дел од ул.60, 95,100, 101 и 103 (опш.Ѓорче Петров)**
- **од 10.00 до 13.00 часот, корисниците од с.Србиново, с.Страјане и с.Железна Река (опш.Гостивар)**
- **од 08.00 до 16.00 часот, корисниците од Радишани: ул. Радишани, дел од ул. Радишанска, ул. 8, ул. 10, ул. 14, ул. 24, ул. 18, ул. 32, ул. 20, ул. 36, ул. 34, ул. 40, ул. 50, ул. 48, ул. 52, ул. 44, ул. 46, ул. 42, ул. 56, ул. 54, ул. 58, ул. 19, ул. 60, ул. 62, ул. 11, с.Цршево, с.Виниче, с. Љуботен, Љуботенски пат (ул. 30), селата:Смиљковци, Страчинци, Љуботен, Раштак,**

**Булачани, ул. 1559 во Радишани дел од ул. Бутелска (опш.Бутел)**

- **од 11.00 до 15.00 часот, корисниците од с.Страјане (опш.Гостивар)**
- **од 08.45 до 09.00 часот, корисниците од с.Доброште, с.Пршовце, с.Глоѓи, с.Јелошник, с.Одри и с.Првце (опш.Тетово)**
- **од 08.30 до 11.30 часот, корисниците од дел од Мислешевски пат-блок УЕ-7 (опш.Струга)**
- **од 09.00 до 12.00 часот, корисниците од с.Бела Вода, м.в Калин Камен, с.Дурачка Река-Ќусино, с.Станци, с.Дренак, с.Бс и ХПП Калин Камен 1. (опш.Крива Паланка)**

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **ЕВН Македонија** во која се наведува дека поради дефект во поголема трафостаница во периодот од 12.50 до 14.00 часот без електрична енергија во период од 12:50 до 14:00 часот останале корисниците од **Визбегово, Момин Поток – индустриска зона, Визбегово и Бутел, како и дел од корисниците од Топанско Поле и Шуто Оризари.**

**РЦУК – Охрид,** ја пренесува информацијата од **ЈКП Стандард** од Дебар во која се наведува дека во период од 13:00 до 16:00 часот, во градот Дебар има рестрикции во снабдување со вода за пиење.

***3.3. Производство на електрична енергија***

**РЦУК – Битола,** ја пренесува информацијата од **РЕК – Битола** во која се наведува дека **ТЕ – 1** е во застој, **ТЕ – 2** работел со снага од 204 MW и **ТЕ – 3** работел со снага од 175 MW.

**РЦУК – Тетово,** ја пренесува информацијата од **ЕЛЕМ ХЕЦ Маврово“** во која се наведува дека **ХЕЦ Врбен** произвела 12.064 квч електрична енергија.

**РЦУК – Охрид**, известува дека **ХЕЦ Глобочица** има произведено 244.000 квч електрична енергија.

***3.4. Нарушување на сообраќајот***

Во извештајот добиен од **АМСМ** во **06:30** часот на ден **03.09.2019 година** се наведува дека сообраќајот на државните патишта се одвива по суви коловози.

Интензитетот на сообраќај на патните правци надвор од градските средини е зголемен. На граничните премини, од македонска страна, нема подолги задржувања за влез и излез од државата.

АМСМ препорачува прилагодена брзина на движење, почитување на поставената сообраќајна сигнализација и внимателно

управување со возилата, особено на патиштата низ котлините, речните долини и клисурите, каде има можност од појава на одрони. Ова посебно се однесува за делниците Катланово – Велес, Маврово – Дебар – Струга, Виница – Берово и Кочани – Делчево.

**АМСМ** известува и дека на неколку места низ државата се изведуваат градежни работи на пат, каде е поставена соодветна сообраќајна сигнализација.

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Македонски Железници** во која се наведува дека заради високите температури во периодот од 12:00 до 19:00 часот, има ограничување на максималната брзина на движење на возовите на **50 км/h.**

**РЦУК – Куманово,** известува дека поради рехабилитација на регионален патен правец **с.Луке-с. Киселица**, општина Крива Паланка, во период од 09:00 до 16:00 часот истиот е забранет за сообраќај.

## 4. ОСТАНАТИ ИЗВЕСТУВАЊА

### *4.1. Управа за хидрометеоролошки работи – временска прогноза*

**ВРЕМЕТО ВО НАРЕДНИТЕ ДЕНОВИ**

До четврток ќе биде претежно стабилно и суво, освен што денес и утре во западните делови ќе има услови за изолирана појава на краткотраен дожд и ретки грмежи. Од петок ќе има зголемена облачност, повремен локален дожд, а дневните температури ќе бележат постепено опаѓање. Утре и во среда особено на северот краткотрајно ќе засилува северен ветер.

### *4.2. Институт за трасфузиологија*

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Институтот за трансфузиона медицина на Република Македонија** во која се наведува дека на ден **03.09.2019** година планирана е крводарителна акција **со вработените во САВА Осигурување Скопје**

### *4.3. Минирање*

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Рудници Бањани** дека до крајот на месецот, само во работни денови, од нивна страна ќе бидат изведени по две минирања во периодот меѓу 09:00 и 10:00 часот како и меѓу 13:00 и 14:00 часот во **„Каменоломот Бањани“**.

### *4.4. Останато*

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Град Скопје – Сектор за комунални работи,** во која се наведува дека **авионската дезинсекција** на подрачјето на градот Скопје, против **возрасни**

**форми на комарци**, ќе се одвива на **05.09.2019 ( четврток )** и **06.09.2019 ( петок )**, во раните утрински часови.
- **Терестичната дезинсекција** на подрачјето на Град Скопје, против **возрасни форми на комарци**, ќе започне на **10.09.2019** и ќе заврши најдоцна до **14.09.2019 (од вторник до сабота )**, во период од **23.00** до **04.00** часот, наредниот ден.
Доколку временските услови не го дозволуваат вршењето на дезинсекцијата, авионската дезинсекција ќе се изврши првиот нареден ден, кога временските услови ќе бидат поволни, во истиот термин, а согласно на тоа ќе се извршува и терестичната дезинсекција.

**Оперативен центар на Центарот за управување со кризи на Р.Македонија, телефон 02/3249-211, 02/3249-212; факс: 02/3249-213, 02/3136-226; e-mail: situacionen.centar@cuk.gov.mk**

**Информацијата е изработена врз основа на:** Информација од РЦУК Скопје бр.245 од 02/03.09.2019; Информација од РЦУК Битола бр.16-3/244 од 02.09.2019 со Податоци за состојба со водите;Информација од РЦУК Охрид бр.16-3/533 од 02.09.2019; со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Охрид бр.16-3/294 од 02.09.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Велес бр.16-01/245 од 02.09.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Штип бр.16-3/243 од 02.09.2019; Информација од РЦУК Куманово бр.16-3/348 од 02.09.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Тетово бр.17-270 од 02.09.2019; Известување за планирани прекини од ЕВН Македонија од 02.09.2019; Информација од МЖСПП од 02.09.2019; Временска прогноза и хидролошка информација од УХМР од 02.09.2019; Известувања од АМСМ од 02/03.09.2019.

**Подготвил:** Даниел Крстевски
**Прегледал:** Петре Наков

**ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ**
**СО КРИЗИ**
**Оперативен дежурен центар**

**Доставено до:**

1. Претседател на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Претседателот**
2. Влада на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Премиерот**
   **Генерален секретар**
3. Министерство за внатрешни работи
   **Кабинет на Министерот**
   **ДОЦ на МВР**
4. Министерство за надворешни работи
   **Кабинет на Министерот**
5. **Агенција за Разузнување**
6. Министерство за одбрана
   **Кабинет на Министерот**
   **ОЦ на ГШ на АРМ**
7. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
   **Кабинет на Министерот**

**Агенција за храна и ветеринарство**
**Управа за хидрометеоролошки работи**

8. Министерство за здравство
**Кабинет на Министерот**
9. Министерство за животна средина и просторно планирање
**Кабинет на Министерот**
10. Министерство за транспорт и врски
**Кабинет на Министерот**
**Агенција за државни патишта**
11. Министерство за образование
**Кабинет на Министерот**
12. Дирекција за заштита и спасување
13. ЈП „Македонски шуми“
14. Државен инспекторат за шумарство и ловство
15. ЕВН
16. Црвен крст на РМ
17. АМСМ
18. Мисија на ОБСЕ
19. Амбасада на САД
20. Амбасада на Р.Франција
21. Обединети нации (UNDSS)
22. Светска здравствена организација
23. ПК на Совет на Европа Скопје
24. Македонија Пат
25. Корисници во ЦУК (по посебен список)
26. Архива